**Санде Стојчевски**

## ПОРТА ВО ОБЛАКОТ

Првиот во водата, мора да има место
Да се впише Арарат! *Да крикнам,*
*кој би ме слушнал од четите ангелски,*
кога не се фаќа погледот за Јона,

ниту пак оној зад каменот ќе може
нешто да протолкува, да понесе
во крпче достоен товар за ноќ.
сè уште без клучна улога е коњот

и не е подвикнато; овде прачките
ќе треба да се вкрстат, да почне
забрзано да се подготвува бегство.

Ќупот непромешан, зборот некако
на усни, карпата покажува место
каде ќе се двои. Залостете!

**БИОГРАФИЈА**

**Санде Стојчевски** е роден на 16 септември 1948 година во с. Студена бара, Кумановско. Завршил Филолошки факултет во Скопје. Бил новинар, а потоа уредник во образовната редакција во Радио Скопје, уредник, главен уредник и директор на книгоиздателството Македонска книга, како и главен уредник на списанието „Стремеж“. Претседател на балканската книжевна манифестација Рацинови средби. Член на ДПМ од 1972 година.

Автор е на книгите: *Кралот на лебедите* (поезија, 1972), *Фенери низ маглата* (поезија, 1977), *Златна гранка* (поезија, 1980), *Возбудата на јадрото* (есеи, 1982), *Вечерна* (поезија, 1985), *Абор гора* (поезија, 1987), *Големата побуда* (есеи, 1988), *Лов на блесок* (поезија, 1990), *Залив пред јасното* (поезија, 1990), *Есен во вселената* (поезија, 1991), *Радоста од читањето* (есеи, 1991), *Ни ден без габи* (книга за природата и ведрината, 1991), *Кубоа* (поезија, 1993), *Кралицата од корицата* (поезија, 1994), *Пофалба на разговорот* (разговори и есеи, 1994), *Страв од тишината* (есеи, 1995), *Скалд* (поезија, 1995), *Врв* (поезија, 1996), *Совршенство или совршенство* (поетички есеи, 1997), *(З)аум* (поема, 1999), *Великата лирска песна* (есеи, 1999). Коавтор е на петтомната едиција *Македонска книжевност во книжевната критика* (1973). Добитник е на наградите: „Кочо Рацин“, „Григор Прличев“, „Димитар Митрев“. Работи во НУБ Свети Климент Охридски во Скопје.